**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**„Плаќам и добивам повеќе со Mastercard® кешбек“**

Во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РСМ”, број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16,178/16 и 251/22), се утврдуваат следните правила на наградната игра:

**Член 1**
**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на наградната игра „Плаќам и добивам повеќе со Mastercard® кешбек“ (во понатамошниот текст „наградна игра”) е ТТК Банка АД Скопје, со седиште во Скопје, ул. „Народен фронт“ бр. 19а, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: „ОРГАНИЗАТОР“).

**Член 2**
**ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ**

Наградната игра има за цел рекламирање на Mastercard® картичките за физички лица кои што се издаваат од страна на ТТК Банка АД Скопје и тоа: Mastercard® Debit – дебитна картичка и Mastercard® Credit – кредитна картичка.

**Член 3**
**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на наградната игра е “Плаќам и добивам повеќе со Mastercard® кешбек”. Наградната игра ќе започне на 20.11.2023 година и ќе трае до 20.01.2024 година.

**Член 4**
**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНА ИГРА**

Квалификувани за учество во наградната игра се сите полнолетни физички лица – државјани на Република Северна Македонија (лица на и над 18-годишна возраст на денот на извршување на првата трансакција), кои се корисници на Mastercard® картичките за физички лица: Mastercard® Debit – дебитна картичка или Mastercard® Credit – кредитна картичка издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ, наведени во член 2, кои на денот на префрлување на паричната награда имаат активна сметка за горенаведените производи и немаат повеќе од 30 дена достасани, а неподмирени обврски кон ОРГАНИЗАТОРОТ по основ на кредити, кредитни картички и дозволено пречекорување. Доколку биде извлечен добитник кој има повеќе од 30 дена достасани, а неподмирени обврски кон ОРГАНИЗАТОРОТ, добитникот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој во целост ќе ги исполнува правилата на наградната игра.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени кај ОРГАНИЗАТОРОТ на наградната игра како и членовите на нивните потесни семејства.
Лицата од ставот 1 од овој член, кои ќе бидат во првите 500 (петстотини) кои ќе направат 5 (пет) поединечни трансакции, секоја во износ еднаков или поголем од 1.000,00 денари на физички и онлајн продажни места во периодот од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година, користејќи Mastercard® Debit – дебитна картичка или Mastercard® Credit – кредитна картичка издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ, а сите искнижени од страна на ОРГАНИЗАТОРОТ како реализирани трансакции на продажни места во Република Северна Македонија, добиваат парична награда (поврат на средства) во износ од 1.000,00 (илјада) денари префрлени на нивната сметка. Како потврда за учество во наградната игра ќе се сметаат месечните изводи издадени за платежните сметки за дебитните картички и месечните извештаи за кредитните картички, издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ кои ќе им бидат достапни на корисниците во електронска форма преку електронско банкарство ТТК Е-Банка (преку интернет) и преку мобилната апликација ТТК М-Банка како и во печатена форма преку деловната мрежа на ОРГАНИЗАТОРОТ. Во банкарските изводи/извештаи издадени за период од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година се наведени податоците за датумот и за описот на трансакциите и износот на секоја трансакција. Изводите/извештаите во кои е евидентирано дека корисникот има реализирано 5 (пет) поединечни трансакции, секоја во износ еднаков или поголем од 1.000,00 денари со Mastercard® Debit – дебитна картичка или Mastercard® Credit– кредитна картичка ќе се сметаат за потврда врз основа на која се стекнува право за парична награда (поврат на средства).

**Член 5**
**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира за физички лица – корисници на картички од брендот Mastercard® издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ, а се спроведува на сите физички и онлајн продажни места на територијата на Република Северна Македонија во кои се прифаќаат картичките од горенаведениот бренд.

**Член 6**
**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИ**

Во наградната игра ќе бидат доделени следните награди:

| Награди | Количина | Поединечна вредност (во денари) | Вкупна вредност (во денари) |
|---|---|---|---|
| Поврат на средства (cash back) во износ од 1.000,00 денари префрлени на сметка на корисникот | 500 | 1.000,00 | 500.000,00 |
| ВКУПЕН НАГРАДЕН ФОНД | 500 | | 500.000,00 |

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup IV

Количините на наградите од наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние што се претходно определени. Вкупната вредност на наградниот фонд изнесува 500.000,00 денари.

## Член 7
## МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Лицата од член 4, квалификувани за учество во наградната игра, добиваат шанса за учество во наградната игра доколку за времетраење на истата користејќи Mastercard® Debit – дебитна картичка или Mastercard® Credit – кредитна картичка издадени од ОРГАНИЗАТОРОТ извршиле најмалку 5 (пет) поединечни трансакции, секоја во износ еднаков или поголем од 1.000,00 денари на физички и онлајн продажни места во период од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година, а сите искнижени од страна на ОРГАНИЗАТОРОТ како реализирани трансакции на продажни места во Република Северна Македонија, ќе добијат парична награда (поврат на средства) во износ од 1.000,00 (илјада) денари.

Под „реализирани трансакции на продажни места" се подразбираат сите трансакции наведени во став 1 од овој член, направени од страна на корисникот на картичката и/или од страна на корисниците на дополнителни картички поврзани со единствената сметка на корисникот, направени на физички или онлајн продажни места во Република Северна Македонија. Во реализирани трансакции на продажни места не влегуваат исплати на готовина на банкомат, исплати на банкарски шалтери, исплати на членарини, исплати на провизии и сторнирани трансакции.

Трансакциите извршени од корисниците на дополнителни картички поврзани со единствената сметка на корисникот на картичката се евидентираат во корист на корисникот на картичката, за целите на наградната игра.

Учесниците имаат можност да го откажат своето учество во наградната игра, во секое време, со поднесување Изјава за откажување на учеството електронски (онлајн) преку интернет-страницата на ТТК Банка АД Скопје (https:\\www.ttk.com.mk), или во писмена форма во која било филијала/експозитура на ОРГАНИЗАТОРОТ.

Со учеството во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во однос на истите.

## Член 8
## ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, ако имаат право на учество, ако ги исполниле условите за добивање награда и ако целосно ги почитуваат Правилата на наградната игра и само доколку не поднеле Изјава за откажување на учеството во наградната игра.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut • Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup • IV

**Член 9**
**ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА**

ОРГАНИЗАТОРОТ е одговорен за пресметка и плаќање на сите даноци, надоместоци или одговорности со наградата.
Согласно одредбите на член 67 од Законот за личен доход за поединечна парична награда во вредност утврдена со овие Правила во износ еднаков на 1.000,00 денари не се пресметува и плаќа на данок на доход за добивки од игра на среќа.
Повратот на средства не може да биде пренесен, ниту да биде заменет.

**Член 10**
**ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Контролор на личните податоци на учесниците е ТТК Банка АД Скопје со ЕДБ: 4030006597638, седиште на ул. „Народен фронт“ 19а, Скопје, е-пошта: ttk@ttk.com.mk и тел.: 02/32 47 000. Офицерот за заштита на личните податоци е достапен на следната адреса за е-пошта: oficerzlp@ttk.com.mk.

ТТК Банка АД Скопје ќе врши обработка на личните податоци на учесниците исклучиво за целите на спроведување на наградната игра, при што ќе користи само неопходен обем на податоци потребни за остварување на наведената цел. При спроведување на наградната игра, Банката во целост ќе ги почитува обврските од Законот за игрите на среќа и забавните игри. Тоа подразбира и почитување на обврската за објавување на резултатите од наградната игра. Од резултатите коишто ќе бидат единствено објавени на интернет-страницата на Банката (https:\\ttk.com.mk), добитниците нема да може да бидат идентификувани директно или индиректно од страна на неовластени лица, без претходна согласност на добитникот. Исто така, Банката гарантира дека ќе ги почитува правата и интересите на учесниците при обработката на нивните лични податоци за целите на спроведување на наградната игра.

Банката ќе ги чува личните податоци на учесниците, односно податоците што ќе бидат обработувани за спроведување на наградната игра, 70 дена од денот на завршување на наградната игра, освен доколку со закон не е предвидена обврска за чување на личните податоци подолг временски период.

Учесниците во секој момент може да поднесат барање за остварување на некое од следните права: право на пристап, право на бришење, право на пренос, право на исправка, право на ограничување и право на приговор до офицерот за заштита на личните податоци на е-пошта: oficerzlp@ttk.com.mk. Учесниците имаат право да поднесат и барање до Агенцијата за заштита на личните податоци, во согласност со условите од Законот за заштита на личните податоци.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

**Член 11**
**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНА ИГРА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже наградната игра во која било фаза по доставено образложено барање до Министерството за финансии и по добивање на одобрение од Министерството за финансии, со известување до јавноста преку дневниот печат, интернет - страницата на ОРГАНИЗАТОРОТ или преку социјалните мрежи, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или заради делување на виша сила.

**Член 12**
**ОТСТРАНУВАЊЕ СПОРОВИ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**

Доколку дојде до евентуално настанати спорови помеѓу ОРГАНИЗАТОРОТ и учесниците во наградната игра, истите ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 13**
**МЕСТО, ВРЕМЕ, НАЧИН, ПОСТАПКА и КОНТРОЛА НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ДОБИТНИЦИТЕ**

Определувањето на добитниците кои ги исполниле поставените услови за наградната игра ќе се изврши на 29.1.2024 година во 12:00 часот во деловните простории на Банката на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.50 Скопје.
Добитниците на наградите ќе бидат определени компјутерски, по принцип „Прв дојден, прв услужен“, односно првите 500 (петстотини) лица наведени во член 4 кои ќе направат 5 (пет) поединечни трансакции, секоја во износ еднаков или поголем од 1.000,00 денари, а сите искнижени од страна на ОРГАНИЗАТОРОТ како реализирани трансакции на продажни места во Република Северна Македонија во период од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година, и ќе добијат парична награда односно поврат на средства.
Контролата и потврдувањето на добитниците определени на начинот утврден во став 2 од овој член ќе ги направат претставници од Дирекцијата за ИТ, Одделот за позадински обработки – население, Одделот за маркетинг и Одделот за работа со физички лица.
Секој учесник во наградната игра има право да биде добитник само на една награда.Ако во текот на определувањето на првите 500 (петстотини) добитници се случи кој било од учесниците да го има исполнето условот повеќе пати, се продолжува со определувањето на следниот учесник по ред, односно парична награда (поврат на средства) ќе добие следниот учесник кој го исполнува условот се додека не се утврдат 500 (петстотини) различни добитници.

Доколку во период од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година помалку од 500 (петстотини) лица наведени во член 4 го исполнат условот за награда во согласност со член 8, наградите ќе се доделат само на оние корисници кои ќе го исполнат условот. Определувањето на паричните награди е конечно.

**Член 14**
**ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПРЕФРЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ НАГРАДИ**

Списокот на добитници ќе биде објавен во рок од 3 (три) дена од денот на определувањето на добитниците на интернет-страницата на ОРГАНИЗАТОРОТ: https://www.ttk.com.mk.
ОРГАНИЗАТОРОТ е должен во рок од 5 (пет) работни дена од денот на определување на добитниците поединечно да ги извести добитниците преку СМС порака или на електронската адреса на добитниците. Паричните награди ќе бидат прокнижени на сметките на добитниците во рок од 60 дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите.
За приливот на паричната награда, добитниците ќе бидат известени преку изводите за платежни сметки.
Со конечната исплата на паричните награди, престануваат сите обврски на ОРГАНИЗАТОРОТ на наградната игра кон добитниците.

**Член 15**
**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**

Правилата на наградната игра ќе бидат објавени во целост на интернет-страницата на ОРГАНИЗАТОРОТ, https:\\www.ttk.com.mk, по добивање согласност од Министерство за финансии на Република Северна Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

**Член 16**
**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

Незадоволниот учесник во наградната игра има право во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на списокот на добитници да поднесе приговор во писмена форма до ОРГАНИЗАТОРОТ на наградната игра кој е должен во рок од 3 (три) дена писмено да одговори на добиениот приговор.

**Член 17**
**НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

За известување за наградната игра ќе бидат користени следните средства:

- Рекламни пораки на интернет-страницата на ТТК Банка АД Скопје (https:\\www.ttk.com.mk),
- Рекламни пораки на радио,
- Веб-банери,
- Летоци поставени во филијалите на ТТК Банка АД Скопје,

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

- Е-пошта и СМС маркетинг,
- Социјални медиуми.

**Член 18**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Правилата за учество во наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршување на Наградната игра, односно до 20.01.2024 година.

**ТТК Банка АД Скопје**

Претседател на Управен одбор
проф. д-р Драгољуб Арсовски

_______________________

Член на Управен одбор
г-ѓа Наталија Алексова

_______________________

Член на Управен одбор
м-р Димитри Трповски

_______________________

– Сектор за финансиски систем –

Министерството за финансии, постапувајќи по барањето бр.13-9391/1 од 26.10.2023 година и дополнување на барањето бр.13-9391/3 од 09.11.2023 година поднесено од „ТТК БАНКА" АД Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, врз основа на член 125 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22), ја издава следната

ДОЗВОЛА
за приредување на наградна игра

1.Барањето поднесено од „ТТК БАНКА" АД Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, СЕ УВАЖУВА.

2.На „ТТК БАНКА" АД Скопје, И СЕ ДОЗВОЛУВА приредување на наградната игра „Плаќам и добивам повеќе со Mastercard® кешбек".

3.СЕ ЗАДОЛЖУВА „ТТК БАНКА" АД Скопје да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, односно да плати износ од 90.000,00 денари пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

4.Доколку „ТТК БАНКА" АД Скопје не го плати износот наведен во точката 3 во рок од 3 дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе се одземе.

5.Наградната игра ќе се приредува од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година.

6.СЕ ЗАДОЛЖУВА „ТТК БАНКА" АД Скопје наградната игра да ја спроведува без прекин во текот на временскиот период наведен во точката 5.

7.СЕ ЗАДОЛЖУВА „ТТК БАНКА" АД Скопје да ги објави правилата на наградната игра на интернет страницата на Организаторот https:\\www.ttk.com.mk, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од Министерството за финансии и да достави писмен доказ до Министерството за финансии дека правилата се објавени.

8.Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Северна Македонија.

Образложение

„ТТК БАНКА" АД Скопје, согласно член 125 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-

9391/1 од 26.10.2023 година и дополнување на барањето бр.13-9391/3 од 09.11.2023 година за добивање на дозвола за приредување на наградна игра.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-тековна состојба на трговското друштво, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150120230025406 од 29.09.2023 година;

-правила на наградната игра;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/4556-1 од 29.09.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/4556-2 од 29.09.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150120230025407 од 29.09.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150120230025408 од 29.09.2023 година издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

-уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.33-3559/2 од 09.11.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија под бр.0905-28/512 од 29.09.2023 година и

- уплатница ПП 50 за платена административна такса во износ од 300,00 денари.

Постапувајќи по доставеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија, видно од тековната состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150120230025406 од 29.09.2023 година.

– Сектор за финансиски систем –

Доставеното барање за добивање на дозвола се однесува за играта на среќа-наградна игра, што произлегува од доставените правила на наградната игра, кои се во согласност со член 126 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност видно од потврдите бр.0808-12/4556-1, бр.0808-12/4556-2, бр.0808-50/150120230025407 и бр.0808-50/150120230025408 од 29.09.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Подносителот на барањето ги има платено јавните давачки, видно од уверението за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.33-3559/2 од 09.11.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници.

„ТТК БАНКА“ АД Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-28/512 од 29.09.2023 година, со која врз основа на годишната сметка за 2022 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

„ТТК БАНКА“ АД Скопје ќе ја приредува наградната игра со цел рекламирање на Mastercard® картичките за физички лица кои што се издаваат од страна на ТТК БАНКА АД Скопје и тоа Mastercard® Debit-дебитна картичка и Mastercard® Credit-кредитна картичка. Сите лица кои се корисници на Mastercard® картичките кои на денот на префрлување на паричната награда имаат активна сметка и немаат повеќе од 30 дена достасани, а неподмирени обврски кон организаторот имаат право на учество во наградната игра. Добитници на парична награда (поврат на средства) во износ од 1.000,00 денари се лицата кои ќе бидат во првите 500 кои ќе направат 5 поединечни трансакции, секоја во износ од еднаков или поголем од 1.000,00 денари на физичка или онлајн продажби. Правилата на наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата на Организаторот https:\\www.ttk.com.mk, пред започнување на наградната игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

Согласно член 129 ставови (1), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри приредувачот на наградната игра плаќа надоместок за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата. Поради тоа, со точката 3 од диспозитивот на оваа дозвола, „ТТК БАНКА“ АД Скопје се задолжува да го плати надоместокот за приредување на

наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на наградите која што изнесува 500.000,00 денари, односно да плати 90.000,00 денари. Доколку подносителот не го плати надоместокот за приредување на наградната игра пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе му се одземе.

Согласно правилата за наградната игра, а во врска со член 126 став (1) точка 3 и 5 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, наградната игра ќе се приредува без прекин во периодот од 20.11.2023 година до 20.01.2024 година на територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на изнесеното, се оцени дека се исполнети условите за издавање на дозвола за приредување на наградната игра на „ТТК БАНКА“ АД Скопје.

17-11-2023

Решено во Скопје на ден ____.____.2023 година, под бр.13-9391/4.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на ова решение до странката.

ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Државен советник
Магдалена Симоновска

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

ДОСТАВЕНО ДО:
„ТТК БАНКА“ АД Скопје

изготвил: Соња Цветановски
проверил: Софка Дугалиќ
одобрил:Орнела Трајкоска Пендевска